РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ОРКЕСТАР ЗА ЏЕЗ МУЗИКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
INSTITUTI NACIONAL
ORKESTRA E XHAZ MUZIKËS E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr 02-560/4
05.12. 2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 36 став (1) точка 9 од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18) и член 20 став (1) точка 9 од Статутот на Националната установа Оркестар за џез музика на РСМ- Скопје, Управниот одбор на Националната установа Оркестар за џез музика на РСМ Скопје, донесе:

# ДЕЛОВНИК

## за работа на Управниот одбор

Општи одредби

Член 1

Со овој Деловник се утврдува начинот на работа на Управниот одбор на Националната установа Оркестар за џез музика на РСМ – Скопје (понатаму во текстот: Оркестарот за џез музика).

Член 2

Одредбите од овој Деловник се задолжителни за сите членови на Управниот одбор, како и за сите лица кои учествуваат во неговата работа.

За правилната примена на Деловникот се грижи претседателот на Управниот одбор.

Член 3

Управниот одбор ги врши работите од својата надлежност утврдени со Законот за култура и Статутот на Оркестарот за џез музика.

Подготвување и одржување на седниците

Член 4

Седниците на Управниот одбор се одржуваат по потреба.

На седницата на Управниот одбор, покрај членовите присуствува и директорот на Оркестарот за џез музика, а по потреба присуствуваат и други работници, доколку се разгледуваат прашања од нивниот делокруг на надлежности.

Вработените во Оркестарот за џез музика можат да присуствуваат на седниците на Управниот одбор, кога се одлучува по приговор за нивните права, а тие писмено бараат да бидат присутни, но само до моментот на гласањето на членовите на Управниот одбор.

Други лица кои не се членови на Управниот одбор можат да присуствуваат на седниците, по покана или по одобрување на претседателот на Управниот одбор.

Член 5

Седницата на Управниот одбор, по претходен договор со директорот ја свикува претседателот со предлог дневен ред, а во негово отсуство заменикот на претседателот, а доколку и тој биде отсутен тогаш седницата ја свикува и ја води најстариот член на Управниот одбор.

Доколку седницата на Управниот одбор не ја свика претседателот, заменикот на претседателот, односно најстариот член на Управниот одбор, седницата ќе ја свика директорот на Оркестарот за џез музика.

Член 6

Предлогот на дневниот ред на седницата на Управниот одбор го утврдува претседателот, во соработка со директорот, имајќи ги притоа во предвид и предлозите на членовите на Управниот одбор.

При изготвување на дневниот ред, претседателот е должен да ги внесе оние предлози, кои според Статутот и другите акти на установата спаѓаат во надлежност на Управниот одбор.

Член 7

Повикување на седница на Управниот одбор се врши со доставување на покана, која содржи: место и време на одржување на седницата и предлог на дневен ред.

Поканата за седница на Управниот одбор, заедно со материјалите по точките од дневниот ред, на членовите на Управниот одбор, на директорот на Оркестарот за џез музика и на други поканети лица, по правило се доставува најмалку три дена пред денот одреден за одржување на седницата, и тоа по електронски пат, а по потреба и во печатена форма.

Поради итност и неодложност, седничниот материјал може да биде доставен и на денот на одржување на седницата на Управниот одбор.

Член 8

Во одредени околности, седницата на Управниот одбор може да биде свикана како итна седница.

Во тој случај, целокупната работа на Управниот одбор се приспособува на тие околности, а одредбите од членовите 5, 6 и 7 од овој Деловник, не се задолжителни.

Член 9

Членовите на Управниот одбор и другите лица присутни на седницата на Управниот одбор се должни, да ги чуваат како деловна тајна документите и податоците кои се утврдени како деловна тајна согласно Статутот на Оркестарот за џез музика.

Член 10

Со седницата на Управниот одбор, претседава претседателот на Управниот одбор, а во негово отсуство заменикот на претседателот, односно најстариот член на Управниот одбор.

Претседателот на Управниот одбор:

- Ја отвора седницата и утврдува дали на седницата присуствуваат доволен број на членови на Управниот одбор потребен за полноважно одлучување,
- Констатира каков дневен ред е усвоен,
- Дава збор на членовите на Управниот одбор и на другите присутни лица на седницата,
- Ги формулира заклучоците и другите одлуки кои ги донел Управниот одбор,
- Обезбедува водење на записник од седницата и негово уредно подготвување и потпишување.

Член 11

За одделни точки од дневниот ред може да се воведе подетално запознавање на членовите на Управниот одбор преку определување известител.

Известителот го определува директорот на Оркестарот за џез музика или лицето што ќе го овласти да го заменува, односно предлагачот на материјалот.

Член 12

Формулациите на одлуките и заклучоците, ги утврдува претседателот на Управниот одбор, а потоа истите ги предлага на гласање и усвојување.

Одлуките, заклучоците и другите акти, Управниот одбор ги донесува со мнозинство на гласови од вкупниот број на членовите на Управниот одбор, вклучувајќи го и изборот на заменик претседателот.

Член 13

Гласањето е јавно и се спроведува на покана од претседателот за гласање, при што сите членови се изјаснуваат со „за“ или „против“ или се воздржуваат од гласањето.

<u>Записник</u>

Член 14

За секоја одржана седница на Управниот одбор се води записник.

Сите писмени материјали предложени по точките на дневниот ред, за секоја седница одделно, се прилагаат кон записникот од таа седница.

Записниците со сите прилози се средуваат по редоследот на одржаните седници во еден мандатен период.

Сите материјали и записници од седниците се евидентираат и чуваат во архивата на Оркестарот за џез музика.

За потребите на Оркестрот за џез музика и другите овластени лица и органи се подготвува препис или адекватен извод од записникот чија веродостојност со потпис и печат ја заверува директорот на Оркестарот за џез музика или од него овластено лице.

<u>Завршни одредби</u>

Член 15

Сите одлуки, заклучоци и други акти што ги донел Управниот одбор ги потпишува претседателот на Управниот одбор или неговиот заменик, односно лицето кое ја водело седницата на Управниот одбор.

Стручната и административно-техничката подготовка за потребите на Управниот одбор ја вршат соодветните служби и стручни лица.

Член 16

Измените и дополнувањата на овој Деловник ги донесува Управниот одбор на предлог на неговите членови и на директорот на Оркестарот за џез музика.

Член 17

Овој Деловник стапува во сила на денот на негово донесување.

Претседател на Управен одбор

Сашко Николовски